Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Шеесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 3 август 2022 година

Скопје, август 2022 година

**З А П И С Н И К**
**од Шеесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 3 август 2022 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 10:30 часот.

Со седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, д-р Димитар Ковачевски.

На седницата учествуваа д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество администрација, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Џемаил Чупи, министер без ресор, задолжен за дијаспора, како и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваа и Снежана Нацаковска и Ирена Арнаудова Малинкова, државни советници во Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваше и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за правда.

На седницата учествуваше и Душко Арсовски портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваше м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Беким Сали, министер за здравство, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа и доц. д-р Бисера Костадиновска - Стојчевска, министер за култура, како и м-р Методија Димовски, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија.

*

*　　　*

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Предлог-одлука за продажба на движни ствари

2. Деловен и Финансиски извештај за 2021 година на Непрофитната организација за стипендирање на студенти и поддршка на научно истражувачки активности фондација ПЕКСИМ Скопје со статус на организација од јавен интерес

3. Информација за продажба на одземени недвижности на трето јавно наддавање, со Предлог-одлука

4. Информација за Нацрт - концептот на даночни реформи

5. Информација за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај домашни комерцијални банки

6. Информација за пристапување на Република Северна Македонија кон ЕУ Програмата Дигитална Европа - Digital Europe (DIGITAL)

7. Кадровски прашања

8. Прашања и предлози

9. Годишна сметка за 2021 година на ЈУ Центар за образование на возрасните

10. Информација за усвојување на Решение за изменување на Решението за формирање на Комисија за спроведување на постапката за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од хидроелектрични централи на Црна река, со Предлог - решение

*

*　　　*

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за продажба на движни ствари (22 болнички кревети), во предложениот текст.

**Точка 2**

Владата ги разгледа и ги усвои Деловниот и Финансиски извештај за 2021 година на Непрофитната организација за стипендирање на студенти и поддршка на научно истражувачки активности фондација ПЕКСИМ Скопје со статус на организација од јавен интерес.

**Точка 3**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за продажба на одземени недвижности на трето јавно наддавање, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за продажба на одземен недвижен имот на трето јавно наддавање, во предложениот текст.

**Точка 4**

Владата ја разгледа Информацијата за Нацрт - концептот на даночни реформи и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии, во текот во август и септември 2022 година, да отпочне јавна расправа со стопанските коморите и останатите општествени чинители за Нацрт-концептот на даночни реформи, како и за Акцискиот план кон Стратегијата за реформите на даночниот систем (2021-2025).

2. Се задолжува Министерството за финансии, по завршување на јавната расправа, во октомври 2022 година до Владата да достави предлог - концепти на реформи на даночната политика во областа на данокот на добивка, данокот на личен доход и данокот на додадена вредност со предлог - законски решенија, како и статус на имплементација на Акцискиот план кон Стратегијата за реформи на даночниот систем (2021-2025).

**Точка 5**

Владата ја разгледа Информацијата за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај домашни комерцијални банки, ја усвои и го задолжи Министерството за финансии веднаш да ја започне и спроведе постапката за задолжување на Република Северна Македонија со склучување на договор за заем со домашни комерцијални банки.

**Точка 6**

Владата ја разгледа Информацијата за пристапување на Република Северна Македонија кон ЕУ Програмата Дигитална Европа - Digital Europe (DIGITAL), ја усвои и даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредната 2023 година на Министерството за информатичко општество и администрација, за пристапување на Република Северна Македонија кон Програмата Дигитална Европа - Digital Europe (DIGITAL) и планира вкупна вредност од 35.500.000,00 денари без ДДВ во 2023 година, имајќи го предвид Мислењето на  Секретаријатот за европски прашања.

Истовремено, Владата заклучи Министерството за информатичко општество и администрација потребните финансиски средства да ги обезбеди во рамките на максималните износи на расходи за следната година, согласно Мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 7**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 8**

1. Владата го разгледа и го прифати Извештајот за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за прогласување на кризна состојба на територијата на Република Северна Македонија, заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-COV-2 и заради спречување од негово ширење во зголемен обем со што се загрозува безбедноста на здравјето на населението, за период од 20 ноември 2020 година до 30 јуни 2022 година, со прилози и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**2.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 21 јули 2022 година до 27 јули 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 9**

Владата ја разгледа Информацијата за Годишна сметка за 2021 година на Јавната установа Центар за образование на возрасните – Скопје (нов текст), како материјал за информирање.

**Точка 10**

Владата ја разгледа Информацијата за донесување на Решение за изменување на Решението за формирање на Комисија за спроведување на постапката за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од хидроелектрични централи на Црна Река, со Предлог – решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за изменување на Решението за формирање на Комисија за спроведување на постапката за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од хидроелектрични централи на Црна Река, со заклучок истото да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

*

*    *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 11:10 часот.

ЗАМЕНИК НА ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Tahir Hani**

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**д-р Димитар Ковачевски**